ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 52/2016
Загреб, 14. 05. 2016.

# З А П И С Н И К

од **вонредниот состанок** на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ кој се одржа на ден **14.05.2016 година** со почеток во **12.00 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Ангел Митревски – Сплит, Благој Штерјов – Загреб, Борис Трајановски – Осиек, Мирјана Мајиќ – Задар и Елизабета Петровска – Загреб.

**Отсутни членови:** Милена Златеска – Пула.

Состанокот го водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. По утврдувањето дека на состанокот присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни објаснувајќи им ја потребата за овој вонреден состанок поради утврдување на предлог-кандидати за редовното изборно Собрание на ЗМРХ, го прочита дневниот ред за истиот и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. План и програма на работа со финансиска конструкција за 2016 година за ЗМРХ и Друштвата според Одлуката на Советот за национални малцинства на РХ од 05.05.2016 година и Финансиски план на ЗМРХ за периодот од 01.04.-31.12.2016 година;
2. Избор на предлог-кандидати за седницата на редовното изборно Собрание на ЗМРХ;
3. Разно.

**Ад. 1.** Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2016 година за ЗМРХ и Друштвата и Финансискиот план на ЗМРХ за периодот од 01.04.-31.12.2016 година беа изработени врз основа на Одлуката на Советот за националните малцинства на РХ од 05.05.2016 година за доделување на финансиски средства од Државниот буџет на РХ за 2016 година (прилог). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се прифаќа и се дава на усвојување на Собранието на ЗМРХ Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2016 година за ЗМРХ и Друштвата и Финансискиот план на ЗМРХ за периодот од 01.04.-31.12.2016 година.

**Ад. 2.** По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** следните предлог-кандидати:

- за работно претседателство: Ивона Дуноски Митев, Гина Ќурчија и Мирјана Мајиќ;
- за верификациона комисија: Мирјана Мајиќ, Борис Трајановски и Славица Чомов;
- за кандидациона комисија: Благој Штерјов, Елизабета Петровска и Аница Гало;
- за записничар: Елизабета Петровска;
- за оверувачи на записникот: Цветко Поповски и Благој Штерјов;
- за членови на Управниот одбор на ЗМРХ: Илија Христодулов, Борис Трајановски, Благој Штерјов, Ангел Митревски, Мирјана Мајиќ, Елизабета Петровска и Милена Златеска;
- за претседател на ЗМРХ: Илија Христодулов;
- за потпреседатели на ЗМРХ: Борис Трајановски и Благој Штерјов (беше предложен и Ангел Митревски, но тој ја повлече кандидатурата).

**Ад. 3.** По оваа точка не се водеше расправа.

Седницата заврши во **12.20** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на ЗМРХ

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов